**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ**
**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**

# ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРНИ ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ

# КУЛТУРОЛОШКИ СТУДИИ ВО КНИЖЕВНОСТА

(Водич низ студиите)

**Скопје**
**2011**

# 1. ВОВЕД

## 1.1. Усогласеност со законската регулатива

Програмата за интердисциплинарните постдипломски студии Културолошки студии во книжевноста е усогласена со новите законски акти – Законот за високо образование и Законот за научноистражувачка дејност на Република Македонија. Таа е усогласена и со критериумите произлезени од Болоњската декларација, чиј потписник е и Република Македонија, и со регулативата од оваа област на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

При изготвувањето на студиската програма користени се искуствата од имплементацијата на елементите од болоњската реформа во високото образование и искуствата од високообразовните установи во светот.

**Овие постдипломски студии Институтот за македонска литература ги организира почнувајќи од студиската 2008/09 година врз основа на Решението за акредитација донесено од Одборот за акредитација на високото образование (бр. Сл. 12 од 11. 3. 2008), а по претходно донесена одлука на Советот на Институтот за утврдување студиска програма за овие студии и по дадена согласност на студиската програма од Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.**

## 1.2. Дефинирање на потребата

Постдипломските Културолошки студии во книжевноста на Институтот за македонска литература се организираат врз основа на:

- современите тенденции во високото образование во Европа;

- потребата од воведување на нови профили и дополнување на постојните програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Културата како општествен феномен ја подразбира научната димензија, односно потребата од нејзино систематско проучување и толкување. Современите културолошки теории се засновани врз достигнувањата на книжевните теории, особено на книжевната компаратистика, во кои книжевноста се проучува во најширок контекст, преку проследувањата на феноменот на популарната (масовна) култура и новите медиуми, па сè до идеологијата, политиката, религијата и науката. Изолираното проучување на одделните феномени или одделните сегменти на културата (книжевност, филм, театар, музика итн.) не ги задоволуваат потребите на нејзиното современо поимање и толкување кое се стреми кон мултидисциплинарно поврзување.

Културолошките студии со широките истражувања на родовите, половите, расните, етничките, националните и др. подрачја нудат клучна научна потпора во процесите на општествена транзиција кон граѓанско општество. Имено, културолошките студии во меѓународниот академски контекст, традиционално се неделиви од плуралистичките темели на демократијата и општеството на граѓански слободи. Оттука, оваа програма во својата интердисциплинарна динамичност и смислена кохерентност, излегува во пресрет на потребите на актуелниот миг, како во поширок општествен контекст, така и во рамките на високообразовниот сегмент кој е во фаза на трансформациски процеси.

Студиите нудат:

- интердисциплинарно поврзување на традиционалните дисциплини;
- покомплексни облици на образование произлезени од растечките потреби на средината во која дејствуваме;
- нов пристап со акцент врз комуникациските проблеми во културата.

Програмата на Културолошки студии во книжевноста претставува логична и развојна етапа во хуманистичките и општествените дисциплини.

## 1.3. Цел на студиската програма

Целта на оваа студиска програма е проширување на традиционалните подрачја на науката за книжевност во соодност со културолошките пристапи во општествените и хуманистичките науки. Книжевноста ќе се проучува не сама по себе, туку во рамките на културата (теорија за интеркултуралност/ интермедијалност, културна антропологија, идентитети, културна историја), а предвидените наставни програми и содржини ќе се совладуваат преку научноистражувачки и интердисциплинарен приод.

### 1.3.1. Научноистражувачки пристап

Посебен белег на овие студии е воведувањето и активното учество на студентите во проекти и проектни активности на Институтот за македонска литература. Практичната работа на студентите во научноистражувачките проекти ќе придонесе за квалитет на научните знаења од областа на културата и за ефикасна практична примена на тие знаења.

### 1.3.2. Интердисциплинарен и мултидисциплинарен пристап

Активното учество во разоткривањето на културните претпоставки на текстовите е ново практицирање во рамките на културолошките студии. Во методолошка смисла, културолошките студии се засновани на споредбено и мултудисциплинарно проследување на текстовите, со вклучување на бројни медиуми (видеозаписи и аудиозаписи, стари ракописи). Интердисциплинарноста доаѓа до израз преку поврзување на книжевноста со културната историја, со театарот, филмот, Интернетот, масовната култура.

Обезбедениот научноистражувачки и интердисциплинарен пристап на програмата е во согласност и со препораките од страна на ЕУ за обединување на научната и образовната дејност.

### 1.3.3. Отвореност на студиите кон мобилноста на студентите

Програмата на постдипломските Културолошки студии во книжевноста потполно е прилагодена на стандардите и духот на мобилност кои се вградени во темелите на болоњскиот процес (Лисабонската декларација и др.). Структурата на студиите и ЕКТС бодовите овозможуваат мобилност на студентите како во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, така и во рамките на универзитетите во Републиката (оние кои ги имаат спроведено критериумите на Болоњската декларација), па дури и на универзитетите во светот.

Понудените Културолошки студии во книжевноста кореспондираат со програми во чија содржина се внесени темелните одредби на културологијата и предмети кои традиционалните дисциплини (историја, литература, театар, филм, јазик, останати уметности) ги сопоставуваат во културолошки контекст (York University's Faculty of Fine Arts, University of Susseh, cultural studies) и се во согласност со основната дејност на Институтот.

Понудената програма содржи:

- културно-историски сегмент;
- културно-теоретски сегмент;
- сегмент на истражување на културните практики со акцент врз книжевната комуникација во културата.

## 2. НАСЛОВ НА СТУДИИТЕ

Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје изведува студиска програма за постдипломски студии под наслов **КУЛТУРОЛОШКИ СТУДИИ ВО КНИЖЕВНОСТА.** Таа воспоставува рамка која ситуира динамично и хетерогено дисциплинарно поле.

## 3. НАСЛОВ НА ЗВАЊЕТО/ ПРОФИЛОТ

По успешната одбрана на магистерскиот труд кандидатот се здобива со научен степен **Магистер по културологија**. Во дополнението на звањето стои потесната специјалност **во книжевноста.**

### 3.1. Потреба од профилот и опис на компетенциите

Овие студии ја следат ориентацијата на современата општествена практика за поврзување на книжевнокритичките подрачја во контекстот на културната и медиумски профилираната комуникација. Културолошкото профилирање е во согласност со сè поголемата потреба за високопрофесионален кадар обучен за интегрирано промислување на културните феномени кое е едновремено и теориски цврсто втемелено и практички насочено.

Постдипломските Културолошки студии во книжевноста се одликуваат со сеопфатност и критички дух, но и со специфични методолошки перспективи кои добиваат поттик од развојот на сознанијата во науката за литературата, социологијата, културната антропологија, уметностите итн. Затоа, овие студии се привлечни за студентите кои сакаат да остварат индивидуализиран образовен профил со поливалентна вертикала, која, со својата флексибилност, ќе биде прилагодена на новите потреби на динамичниот меѓународен пазар на трудот и неговата нова ориентација во приодите на т.н. критичка теорија. Дипломираните студенти своето

идно работно место можат да го најдат во граѓанскиот сектор, во специјализираните сектори на државната администрација и стручните структури во единиците на локалната самоуправа, културниот сегмент на дипломатијата, медиумите итн. Освен во високообразовните установи и научните институти, потребата за ваков образовен профили се јавува и во сите институции кои се вклучени во културниот живот на заедницата, од оние кои се нејзини креатори до оние кои се нејзини спроведувачи. Фактот дека дејностите сè повеќе се преплетуваат (на пример: издаваштвото, музејската, архивистичката или библиотечната дејност) се наложува потребата од следење на дострелите на повеќе дисциплини и способност за нивно поврзување. Оттука, на сите нивоа на образовниот систем се јавува потреба за високоупатени и квалификувани креатори на новите интеграциски процеси меѓу одделните подрачја. Оваа програма, благодарејќи на својата теоретска софистицираност, но и свртеност кон реалните барања на современиот миг, може да стане генератор на кадри кои ќе одговорат на ваквите сложени задачи.

## 4. НОСИТЕЛ НА ПРОЕКТОТ

Носител на постдипломските студии е Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## 5. РЕЖИМ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА СТУДИИТЕ

### 5.1.Времетраење на наставата

Постдипломските Културолошки студии во книжевноста се изведуваат во текот на две академски години (четири семестри). Наставата се одвива во текот на три семестри, додека четвртиот семестар е предвиден за менторска работа и изработка на магистерскиот труд. Менторската работа ќе ги воведе студентите во методологијата на научноистражувачката работа и ќе биде во тесна

корелација со изработката на семинарските работи. На студентите кои имаат завршено четиригодишно факултетско образование им се признаваат до 60 кредити, односно наставата за нив се изведува во текот на два семестри.

### 5.2. **Видови на предметни програми**

Студиската програма на постдипломските Културолошките студии во книжевноста е составена од задолжителни и изборни предмети и од подготовка на самостојни трудови во одредена област. На овој начин е овозможено самиот кандидат да учествува во креирањето на програмата според сопствените афинитети.

### 5.3. Кредити

Студиската програма предвидува 30 ЕКТС бодови (кредити) по семестар, односно 90 ЕКТС бодови (кредити) за три семестри на студирање. Изработката и одбраната на магистерскиот труд носи 30 ЕКТС бодови (кредити). За целото студирање предвидени се 120 ЕКТС бодови (кредити).

Кредитите се распоредени рамномерно по семестри. Тие се придружени и со соодветна оптовареност на студентите во смисла на предвидени студентски обврски и пропишан број часови во директна настава. Услов за да се пристапи кон изработка на магистерски труд е кандидатот да освои 90 кредити, односно:

1. ***Задолжителни предмети*** - бр. на часови 144, кредити 48
2. ***Изборни предмети*** - бр. на часови 72, кредити 24
3. Изработка на ***самостојни трудови*** - кредити 18

Наставата по задолжителните предмети ја посетуваат сите запишани кандидати, а по изборните предмети се организира само доколку за одделен предмет се пријават најмалку 5 кандидати. Во спротивно наставата се организира според менторски систем.

На студентите кои имаат завршено прв циклус на студии во траење од 4 години, им се признаваат до 60 кредити.

### 5.4.Интерактивност на наставата

Наставата на постдипломските студии е интерактивна. Студентите активно учествуваат во наставата преку усни презентации, дискусии, коментари, подготовка на есеи и семинарски работи, учествуваат на тркалезни маси и работилници.

Бројот и видот на усните презентации и семинарски работи е утврден во предметните програми.

### 5.5.Просторни и технички можности

При изведувањето на наставата ќе се користат просториите (третиот кат од зградата на улица „Григор Прличев“ бр. 5 со вкупна квадратура од 500м$^2$) и амфитеатар со 120 места (120м$^2$). Во рамките на овој простор има две училници (18м$^2$ и 30м$^2$), 15 кабинети (секој по 15м$^2$) и библиотека (18м$^2$). Институтот за македонска литература располага со соодветна опрема (постојана Интернет врска и компјутерска опрема др.).

Институтот за македонска литература – Скопје располага со сопствена библиотека со богат библиотечен фонд од научни книги, научни списанија, научна документација и сопствени изданија (околу 5000). На предлог на научноистражувачките одделенија библиотеката редовно се збогатува со релевантна домашна и странска научна литература од научните подрачја застапени со наставниот план и наставните програми на студиите.

Во функција на студиите ќе се користи електронскиот проект ***Македонска литературна дата база*** како систематизиран извор на податоци за наставните содржини.

## 6. ПРЕДМЕТНИ ПРОГРАМИ

### 6.1. Листа на задолжителни и изборни предмети со број на часови и со ЕКТС бодови

#### 6.1.1. Задолжителни предмети

| I / III С Е М Е С Т А Р | | | |
|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Наслов на предметот | Број на часови | ЕКТС |
| 1. | Вовед во културологијата | 24 | 8 |
| 2. | Народна култура | 24 | 8 |
| 3. | Византолошко-културолошки студии | 24 | 8 |
| 4. | Теми и методи во културологијата | 24 | 8 |
| 5. | Културни идентитети на Балканот | 24 | 8 |
| 6. | Литературата во европски контекст | 24 | 8 |

* Студентите со четиригодишно додипломско образование слушаат **2 задолжителни предмети во I семестар**. На овие студенти им се признаваат 32 кредити од 4 предмети.

** Студентите со тригодишно додипломско образование ги слушаат **сите задолжителни предмети, од кои 3 предмети во I семестар, а останатите 3 предмети во III семестар.**

### 6.1.2. Изборни предмети

| I / III С Е М Е С Т А Р | | | |
|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Наслов на предметот | Број на часови | ЕКТС |
| 1. | Македонски празници | 18 | 6 |
| 2. | Кирилометодиевски студии | 18 | 6 |
| 3. | Патристиката и христијанската култура | 18 | 6 |
| 4. | Просветителството во Македонија | 18 | 6 |
| 5. | Имагологија | 18 | 6 |
| 6 | Постколонијални студии | 18 | 6 |
| 7. | Интеркултурна комуникација | 18 | 6 |
| 8. | Елитна и масовна култура | 18 | 6 |
| 9. | Културата и глобализацијата | 18 | 6 |
| 10. | Антрополошки структури на имагинарното | 18 | 6 |
| 11. | Феноменот автобиографија во (историјата на) културата | 18 | 6 |
| 12. | Феноменот патопис | 18 | 6 |

| **II С Е М Е С Т А Р** | | | |
|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Наслов на предметот** | **Број на часови** | **ЕКТС** |
| **1.** | **Културно наследство** | **18** | **6** |
| **2.** | **Жанрот во литературата и културата** | **18** | **6** |
| **3.** | **Родот и културата** | **18** | **6** |
| **4.** | **Интеркултурен театар** | **18** | **6** |
| **5.** | **Литература и Интернет** | **18** | **6** |
| **6.** | **Магичен реализам** | **18** | **6** |

* Студентите со четиригодишно додипломско образование слушаат **3 изборни предмети, од кои 2 предмети во I семестар, а останатиот 1 предмет во II семестар**.

** Студентите со тригодишно додипломско образование слушаат **4 изборни предмети, од кои по 1 предмет во I и III семестар и 2 предмети во II семестар**. Во II семестар, овие студенти имаат обврска да изработат три самостојни труда од областите кои им се предмет на истражувачки интерес. Самостојните трудови се изработуваат под менторство на професор.

### 6.1.3 Подготвување, изработка и одбрана на магистерски труд - 30 ЕКТС

## 7. НАСТАВЕН КАДАР

Наставниот кадар го сочинуваат научните истражувачи од Институтот за македонска литература со научен степен доктор на науки. Во изведувањето на наставата, како визитинг професори и експерти по одделни прашања се вклучени и тројца професори од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ од Скопје, а се предвидува гостување на еминентни професори од земјава и странство, специјалисти по одредени прашања. При тоа ќе се користат можностите кои произлегуваат од договорите за соработка меѓу Институтот за македонска литература и домашните и странски институции.

### Список на наставен кадар

1. Велев, д-р Илија, редовен професор
2. Георгиевска-Јаковлева, д-р Лорета, редовен професор
3. Јакимовска-Тошиќ, д-р Маја, редовен професор
4. Капушевска-Дракулевска, д-р Лидија, редовен професор, Филолошки факултет
5. Китевски, д-р Марко, редовен професор
6. Мојсиева-Гушева, д-р Јасмина, редовен професор
7. Прокопиев, д-р Александар, редовен професор
8. Стојменска-Елзесер, д-р Соња, редовен професор
9. Аврамовска, д-р Наташа, вонреден професор
10. Бановиќ-Марковска, д-р Ангелина, вонреден професор, Филолошки факултет
11. Ѓурчинова, д-р Анастасија, вонреден професор, Филолошки факултет
12. Миронска-Христовска, д-р Валентина, вонреден професор
13. Павловски, д-р Мишел, вонреден професор
14. Мартиноска, д-р Ана, доцент
15. Смилевски, м-р Гоце, асистент

## 8. ПРАВО НА КОНКУРИРАЊЕ И УПИСНИ РОКОВИ

На студиската програма може да се запишат кандидати кои имаат:

- завршени додипломски студии од подрачјето на хуманистичките или општествените науки;
- познавање на еден странски јазик.

Запишувањето на студентите се врши врз основа на конкурс објавен во дневниот печат. Конкурсот е отворен сè до почетокот на студиската година, односно сè до пополнувањето на бројот на слободните места.

## 9. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА УПИС

Кандидатите ги поднесуваат следниве документи:

- интерен пријавен лист;
- диплома и уверение за завршени додипломски студии (оригинал или копија заверена на нотар);
- куса биографија (CV);
- список на стручни или научни трудови и примерок од нив (доколку кандидатите имаат).

Пријавите со доказите за исполнување на потребните услови за запишување се поднесуваат до Институтот за македонска литература – Скопје, ул. „Григор Прличев“ бр. 5, поштенски фах 455, тел./факс 02/3220-309.

## 10. ШКОЛАРИНА

Студиите ќе се остваруваат со самофинансирање на студентите.

Кандидатите кои ќе бидат примени плаќаат школарина за следење на наставата и за основни работни материјали.

Школарината изнесува:

- **1000** евра за студентите со четиригодишно факултетско образование
- **1500** евра за студентите со тригодишно факултетско образование

Студентите ги плаќаат и следниве надоместоци:

- **400** евра за подготовка и одбрана на магистерскиот труд
- **200** денари за пријавување на испит

Износот за школарината се плаќа во денарска противредност и може да се подели **до 4 рати**. Уплатата за подготовка и одбрана на магистерскиот труд се врши при пријавувањето на темата.

**Институтот за македонска литература во Скопје е** научноистражувачка установа од подрачјето на хуманистичките науки, во кој се проучува и се истражува македонската литература и нејзините врски и влијанија со другите литератури, споредбената литература, теоријата на литературата и нејзините културни претпоставки.

Институтот за македонска литература својата дејност ја остварува како членка во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во своето **30** годишно работење, следејќи ги националните интереси и современите достигнувања на полето на науката за книжевноста, Институтот за македонска литература помина низ повеќе развојни периоди, кои се поврзани со напредувањето на кадровскиот потенцијал и обезбедувањето соодветни просторни и технички услови.

Перманентното подобрување на условите за работа и усовршувањето на научниот кадар на Институтот овозможуваат подготовка и реализација на современа студиска програма за постдипломски студии – Културолошки студии во книжевноста, компатибилни во однос на знаењата и научниот развој со научните центри во рамките на Универзитетот и пошироко.

Придонесот на Институтот во проследувањето на развојните процеси во литературата и културата е на високо рамниште. Интересот на новите генерации книжевни истражувачи секојдневно расте и претставува движечка сила за успешно имплементирање на постдипломските Културолошки студии во книжевноста кои со изразената научноистражувачка ориентација ќе придонесат за поврзано проучување на книжевните и културните процеси.

(повеќе на: **www.iml.ukim.edu.mk**; **www.iml.org.mk)**